# НЕ ЉУБИ МЕ

Овде пролет, овде дрвје листе[...],
Ах планина – и сонце и снег...
Млади браној од зори ме плискат
крај врбите, на речниот брег.

Како често, в таа зора блага,
сам сум овде...ниту еден [...].
О, зошто ме питиска пак тага
и зошто се стемни мојот лик?

Предчуствувам: сега пак си сама,
уплакана...а до тебе – тој.
Тие очи! Ех, како ме мамат,
па сеќавам за немирот свој:

Поднапиен една вечер рана
в мисли тонев над ноќниот стол.
В миг претрпнав и јасно ми стана
дека не ќе стивне твојот бол.

Не знам како, кришум в дом ти влегов,
сè ме плени со волшебна моќ,
беше така топло мојто легло
како тогаш – по првата ноќ.

Чинев: еве, идеш да ми речеш:
"Врати ми се, дојди дома, мил!
За сина ти, знам, срце те влече,
ти со него дамна не си бил."

[...]е прашав: зар сонувам буден,
[...] уште имам власт
[...]ата луд[...]